# ДЕЛОВНИК

## За работа на Надзорниот Одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# ДЕЛОВНИК
## За работа на Надзорниот Одбор на
## АЛКАЛОИД АД Скопје

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

Здравјето пред сè

Врз основа на член 112 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, Надзорниот Одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје на својата седница одржана на 22.12.2022 година, го усвои следниот:

# ДЕЛОВНИК
## За работа на Надзорниот Одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје[1]

***I. Воведни одредби*;**

**Член 1**

Со овој Деловник се утврдува начинот на работа на Надзорниот Одбор, ппodготвувањето, свикувањето и одржувањето на седниците на Надзорниот Одбор, начинот на гласање и одлучување, надлежностите на Претседателот на Надзорниот Одбор и други прашања согласно важечките прописи, Статутот на Друштвото и овој Деловник.

**Член 2**

Деловникот го донесува Надзорниот Одбор со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Одредбите од Деловникот важат за членовите на Надзорниот Одбор и неговиот Претседател, како и за сите лица кои присуствуваат на седниците на Надзорниот Одбор.

**Член 3**

Надзорниот Одбор работи и одлучува во согласност со важечките прописи, Статутот на Друштвото и другите внатрешни акти на Друштвото.

Надзорниот Одбор може да разгледува и одлучува само за прашања што се во негова надлежност.

**Член 4**

Членовите на Надзорниот Одбор постапуваат во најдобар интерес на Друштвото и на сите акционери.

Надзорниот Одбор постапува со внимание на уреден и совесен трговец и во интерес на Друштвото, а членовите на Надзорниот одбор посветуваат доволно време за извршување на својата функција за да може да ги исполнат своите должности во Друштвото.

**Член 5**

Сите членови на Надзорниот Одбор се еднакви меѓу себе и имаат исти права и одговорности.

Секој член на Надзорниот Одбор при одлучувањето располага со еден глас.

**Член 6**

Членовите на Надзорниот Одбор имаат право да дискутираат, да гласаат, да поставуваат прашања, да упатуваат барања до Претседателот на Надзорниот Одбор или до Надзорниот Одбор во целост, да предлагаат точки на Дневен ред и да даваат иницијативи и предлози за работата на Надзорниот Одбор.

***II. Претседател на Надзорниот Одбор;***

**Член 7**

Со Надзорниот Одбор раководи Претседател**.**

Надзорниот Одбор од редот на своите членови, со мнозинство гласови од вкупниот број членови, избира Претседател.

Правата и надлежностите на Претседателот се одредени со важечките прописи, Статутот на Друштвото и овој Деловник.

Претседателот е одговорен да обезбеди правилно работење на Надзорниот одбор. Претседателот не може самостојно да донесува одлуки во име на Надзорниот одбор.

Претседателот се грижи за работата на Надзорниот Одбор и за целосна и правилна примена на одредбите од Деловникот.

**Член 8**

Претседателот на Надзорниот Одбор се грижи членовите на Надзорниот одбор да добиваат целосни и навремени информации за да тие имаат доволно време да се подготват и да донесат соодветни одлуки.

Претседателот на Надзорниот Одбор се грижи членовите на Надзорниот одбор да имаат доволно време за дискусија на седниците пред да донесат одлуки.

Претседателот на Надзорниот Одбор се грижи записникот од одржаните седници на Надзорниот одбор да биде уредно составен.

**Член 9**

Претседателот на Надзорниот Одбор ја надгледува работата на Надзорниот одбор и ја иницира постапката за оцена на работата на Надзорниот одбор.

**Член 10**

Надзорниот Одбор може да избере Заменик Претседател од своите членови, кој ќе раководи со Надзорниот Одбор во случај Претседателот да не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен.

Доколку Претседателот на Надзорниот одбор не е независниот член на Надзорниот Одбор, независниот член на Надзорниот одбор се именува за Заменик Претседател.

Заменик Претседателот, при вршењето на својата функција, ќе ги има истите права и надлежности како и Претседателот.

## *III. Надлежности на Надзорниот Одбор;*

**Член 11**

Надлежностите на Надзорниот Одбор се одредени со Законот за трговски друштва и другите важечки прописи, Статутот на Друштвото и другите внатрешни акти на Друштвото.

Особено Надзорниот Одбор има надлежност да:

- Донесува одлуки, заклучоци, предлози, препораки, извештаи и други акти согласно важечките прописи, Статутот и другите внатрешни акти;
- Дава претходно одобрение на одлуки од Управниот одбор за определени видови работи, согласно закон и статут;
- Дава одобрение за склучување голема зделка и на зделка со заинтересирана страна;
- Организира служба за внатрешна ревизија, како независна организациска единица во Друштвото;
- Го застапува Друштвото спрема членовите на Управниот одбор;
- Свикува Годишно Собрание на акционери, доколку навремено, во рок согласно законот и Статутот, истото не е свикано од страна на Управниот Одбор, како и во други случаи определени со законот и Статутот на Друштвото;
- Потврдува дека кандидатот за член на Надзорниот Одбор, при предлагањето од овластениот предлагач, ги исполнува бараните услови утврдени во закон, другите важечки прописи, Статутот и внатрешните акти на Друштвото, како и дали кандидатот се вклопува во профилот на Надзорниот одбор;
- Упатува барање до членовите на Управниот одбор да состават посебен извештај за состојбата на Друштвото или за некое прашање од неговото работење;
- Презема дејствија самостојно или преку други лица заради стекнување увид во работењето на Друштвото и управувањето со него од страна на членовите на Управниот одбор;
- Упатува барање до членовите на Управниот одбор за да ги подготват сите документи и известувања потребни за вршење на надзор над работата на Управниот Одбор;
- Ги разгледува сите извештаи, акти и документи, што членовите на Управниот одбор ги доставуваат на Надзорниот одбор;
- Врши надзор на управувањето со ризиците на Друштвото и внатрешната контрола, финансиското известување и работата на надворешниот ревизор;
- Го надгледува изборот и именувањето на членовите на Надзорниот одбор;
- Врши надзор над наградувањето на членовите на Управниот одбор;

- Го утврдува знаењето, искуството и вештините што му се потребни на Управниот одбор како целина, и личните квалитети што се очекува да ги има секој од поединечните членови на Управниот одбор, за што носи посебен акт;
- Ги преиспитува големината, составот и функционирањето на Управниот одбор најмалку еднаш годишно со цел оцена на неговата ефективност и потребата од предлагање на соодветни измени, за што носи посебен акт;
- Се грижи членовите на Управниот одбор да можат да посветат доволно време на своите должности;
- Може да ги отповика сите членови на Управниот одбор, односно негов член во било кое време, со или без образложение;
- доставува препорака до Собранието на акционери за висината на месечниот паушал на членовите на Надзорен одбор;
- Може да ги намали вкупните примања и другите права на членот на Управниот одбор во ситуации кога се смета дека значително е влошена финансиската состојба на Друштвото, поради што примањата на членот претставуваат голем товар за Друштвото;
- Обезбедува Управниот одбор во посебен дел од годишниот извештај за работењето на Друштвото да даде Изјава за примена на Кодексот за корпоративно управување;
- Извршува други дејствија, во согласност со важечките прописи, Статутот на Друштвото и другите внатрешни акти;

## ***IV. Седници на Надзорниот Одбор;***

### Член 12

Надзорниот Одбор работи и одлучува на седници.

Седниците ги свикува и со нив раководи Претседателот.

Претседателот упатува покана за седница до другите членови на Надзорниот Одбор, каде што е наведен точниот датум, час и место на одржување на седницата, причините за одржување на седницата, Предлог-Дневниот ред на седницата, материјалите што треба да се разгледуваат на седницата и информација за присуство на други лица на седницата.

Сите материјали што се потребни за седница на Надзорниот одбор, им се доставуваат на сите членови на Надзорниот одбор, најмалку пет дена пред седницата, освен во исклучителни ситуации кога поради итност на прашањата кои треба да бидат разгледани, материјалите може да се доставaт во пократок временски период.

Поканата и материјалите за седницата до членовите на Надзорниот одбор се доставуваат по пат на електронска пошта, освен во случај кога за членот на Надзорниот Одбор е попригодно доставувањето на друг начин.

Претседателот ги известува надлежните служби во Друштвото за намерата да се одржи седница, информирајќи ги за точниот датум и час на одржувањето на седницата и за други значајни поединости во врска со седницата, со цел да се обезбедат просторните и другите поволности за одржување на седницата.

Седницата може да се одржи само ако постои кворум од мнозинство од членовите на Надзорниот Одбор.

Седниците се одржуваат во седиштето на Друштвото, освен во исклучителни ситуации што налагаат одржување на седницата на друго место.

### Член 13

Во исклучителни и итни случаи, а од голема важност за Друштвото, Претседателот може да ја закаже седницата во најкус можен рок и со упатување на усна покана до другите членови на Надзорниот Одбор, како и може да не ги информира однапред за Предлог-Дневниот ред и однапред да не им ги достави потребните материјали за седницата, туку за предлог-Дневниот ред да ги информира на почетокот на седницата и да ги достави потребните материјали на почетокот на седницата.

### Член 14

Во исклучителни случаи, а од голема важност за Друштвото, Надзорниот одбор може да донесува заклучоци и одлуки, без одржување на седница.

Во таков случај членовите на Надзорниот Одбор донесуваат заклучоци и одлуки по пат на меѓусебно договорена комуникација. Од комуникацијата мора да има писмен доказ дека членовите се информирани за прашањата за кои расправаат и за заклучоците и одлуките за кои ги донеле.

Одлуките донесени на ваков начин влегуваат во сила со денот на давањето на согласноста од страна на сите членови на Надзорниот Одбор, освен ако во одлуката не е утврден друг момент на влегување во сила. Давањето на согласност може да биде извршено со своерачен потпис на предлог-одлуката, или со потпис испратен по факс или по електронски пат.

**Член 15**

Членовите на Надзорниот одбор можат да учествуваат и одлучуваат на седница организирана со користење на конференциска телефонска врска, интернет или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираната седница можат да се слушаат или да се гледаат и да разговараат еден со друг. Учеството на седници на ваков начин се смета за лично учество на лицата кои се вклучени на седницата.

**Член 16**

Секој член на Надзорниот Одбор има право од Претседателот на Надзорниот одбор да побара свикување на седница, со барање поднесено во писмена форма и со наведување на причините. Седницата мора да се одржи во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на поднесување на барањето.

**Член 17**

Овластениот надворешен ревизор, како и акционери кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акции со право на глас во Друштвото, може да побараат свикување на седница на Надзорниот Одбор.

Лицата наведени во став 1 од овој член бараат свикување на седница со барање поднесено во писмена форма и со наведување на причините, до Претседателот на Надзорниот одбор. Седницата мора да се одржи во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на поднесување на барањето.

**Член 18**

Надзорниот одбор може да ги покани членовите на Управниот одбор да присуствуваат на седниците на Надзорниот одбор, освен ако нивното присуство може да влијае на способноста на Надзорниот одбор независно да донесува одлуки. Членовите на Управниот одбор нема да бидат присутни кога Надзорниот одбор расправа за нивното работење и награда.

**Член 19**

Предлог дневниот ред за седницата на Надзорниот Одбор го составува Претседателот на Надзорниот Одбор.

Како точки на дневен ред се внесуваат прашања кои се од исклучива надлежност на Надзорниот Одбор.

**Член 20**

Секој член на Надзорниот Одбор може да побара измена на Предлог-Дневниот ред.

Предложениот Дневен ред и неговите измени и дополнувања Претседателот ги става на гласање, а се усвоени ако за нив гласаат мнозинство од членовите на Надзорниот Одбор.

По објавувањето и утврдувањето на дневниот ред на седницата, се пристапува кон разгледување и одлучување по секоја поединечна точка од Дневниот ред.

Ако прашања со кои се дополнува дневниот ред не бараат пообемно проучување, се разгледуваат и по нив се одлучува на истата седница.

Во врска со претходниот став, Претседателот на Надзорниот одбор може да одлучи одредени прашања да се одложат заради проучување и доставување на материјали за наредна седница.

**Член 21**

Образложение (известување) по секоја точка од дневниот ред даваат Претседателот, член на Надзорниот Одбор или стручно лице од чиј делокруг на работа е прашањето кое се расправа како точка од дневниот ред.

По секоја точка од дневниот ред, Претседателот на Надзорниот Одбор отвара расправа на која се изнесуваат предлози и мислења во врска со прашањето кое е на дневен ред.

**Член 22**

По завршената расправа по секоја точка од дневниот ред се пристапува кон донесување на одлука или друг акт, согласно важечките прописи, Статутот или другите внатрешни акти и овој Деловник.

Надзорниот Одбор полноважно одлучува ако се присутни мнозинство од вкупниот број на членови, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

Гласањето на седницата е јавно и се врши со кревање на рака.

Во случај на поделба на гласовите, одлучувачки е гласот на Претседателот на Надзорниот Одбор, а во негово отсуство одлучувачки е Заменик Претседателот.

Одлуките донесени од Надзорниот Одбор влегуваат во сила од денот на нивно донесување, освен ако во самата Одлука или со важечки пропис, Статутот на Друштвото или друг внатрешен акт на Друштвото поинаку не е определено.

**Член 23**

Одлуките и другите акти што ги носи Надзорниот Одбор треба да се формулирани јасно, за да нема двоумење околу тоа што е одлучено.

Прифатените одлуки и други акти се внесуваат во записникот од седницата.

**Член 24**

Оригиналните одлуки и други акти кои ги донесува Надзорниот Одбор ги потпишува Претседателот и на истите се става штембил и печат.

**Член 25**

За седниците на Надзорниот Одбор, без разлика како се одржани, се води записник.

Записникот ги содржи податоците за: начинот на кој работел Надзорниот одбор; времето и местото на одржување на седницата; лицата кои присуствувале на седницата; дневниот ред на седницата; прашањата што биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање, вклучувајќи ги имињата на членовите кои гласаат ЗА или ПРОТИВ одлуките усвоени на седницата. Во записникот може, по барање на членот кој гласал ЗА или ПРОТИВ, да се внесе и причината зашто така гласал. Доколку некој член има судир на интерес, има обврска тоа да го најави на почетокот на седницата и тоа да се евидентира во записникот.

Секој член на Надзорниот Одбор има право неговото мислење или став во врска со предлогот кој се разгледува или по кој се гласа, да бара да се внесе во записникот.

Записникот го потпишуваат присутните членови на Надзорниот Одбор, а ако некој не го потпише записникот се забележува причината за тоа, ако била наведена.

Записникот го води записничар, а во рок од 3 (три) дена се изготвува во печатена форма.

Писмено изготвените одлуки, заклучоци и други акти се доставуваат до лицата задолжени за извршување. Записниците и еден примерок од одлуките, заклучоците и другите акти како и материјалите од одржаните седници од Надзорен одбор се чуваат како прилог кон деловодникот на Надзорниот Одбор и во архивата на Друштвото која произлегува од тој деловодник.

## *V. Други дејствија на Надзорниот Одбор;*

**Член 26**

Членовите на Надзорниот одбор можат сами или преку барање до други лица, да преземаат дејствија заради стекнување увид во работењето на Друштвото и управувањето со него од страна на членовите на Управниот одбор. Секој член на Надзорниот Одбор може да упати барање до Управниот одбор за да ги подготви сите документи и известувања потребни за вршење на надзор над работата на Управниот Одбор.

Секој член на Надзорниот одбор има право да ги разгледува сите извештаи, акти и документи, што членовите на Управниот одбор ги доставуваат на Надзорниот одбор.

**Член 27**

Доколку Надзорниот одбор, смета дека е потребно, може да побара релевантни информации од клучните раководни лица во Друштвото и надворешните советници, како и тие да присуствуваат на седниците на Надзорниот одбор.

**Член 28**

Надзорниот одбор може да формира една или повеќе Комисии, од редот на своите членови и од други лица.

Комисиите не можат да одлучуваат по прашања што се во надлежност на Надзорниот одбор ниту можат да им се пренесат нивните права и обврски.

Сите активности на Комисиите, подлежат на одобрение од страна на Надзорниот одбор.

Секоја Комисија носи Деловник за работа на таа Комисија, со кој се уредува овластувањето на Комисијата, водењето на седниците, начинот на гласање и донесување на одлуки, и другите подробности од работата на Комисијата.

**Член 29**

На Надзорниот Одбор, во извршувањето на своите надлежности, Корпоративниот секретар на Друштвото и Организационите единици во Друштвото, му обезбедуваат стручна и административна поддршка, а во согласност со внатрешен акт на Друштвото.

Задачите на Корпоративниот секретар на Друштвото и Организационите единици во Друштвото можат да се состојат од:

- изготвување на предлог акти за потребите на седниците на Надзорниот Одбор;
- подготовка на материјалите согласно Дневниот ред на седниците на Надзорниот Одбор;
- присуство на седниците на Надзорниот Одбор и изготвување записници;
- дистрибуција на записниците и донесените одлуки или заклучоци од седниците на Надзорниот Одбор до сите засегнати органи и служби во Друштвото;
- контактирање со членовите на Надзорниот Одбор и други лица во Друштвото, а во име на Надзорниот Одбор или Претседателот на Надзорниот Одбор;
- други дејствија согласно важечките прописи, Статутот и другите внатрешни акти;

Наведените дејствија, Корпоративниот секретар на Друштвото и Организационите единици во Друштвото ги извршуваат во име на Претседателот на Надзорниот Одбор или во име на Надзорниот Одбор.

**Член 30**

Надзорниот одбор најмалку еднаш годишно го разгледува составот на Надзорниот Одбор од аспект на знаењето, квалификациите, вештините и искуството што членовите поединечно и заедно ги поседуваат за успешно извршување на нивните функции, и за таа цел изготвува т.н. „профил на одборот“.

По изготвувањето, Надзорниот Одбор го доставува профилот на одборот до надлежните организациони единици во Друштвото со цел објава на веб-страницата на Друштвото.

**Член 31**

При предлагање на кандидати за членови на Надзорниот Одбор, за кандидатите кои се предложени од страна на Надзорниот одбор за разлика од кандидатите кои се предложени од акционерите, се доставува и извештај на Надзорниот одбор за извршената анализа и проверка на исполнетост на критериумите од страна на кандидатот, како и за усогласеност на неговата кандидатура со внатрешните акти и профилот на одборот, и оцена за тоа дали кандидатот се смета за независен.

**Член 32**

Надзорниот Одбор спроведува надзор над работењето на Управниот Одбор. При вршење на надзорот, Надзорниот Одбор особено ќе се погрижи да утврди:

- дали се постигнуваат целите на Друштвото;
- какви се стратегијата на Друштвото и ризикот поврзан со деловното работење;
- какви се структурата и функционирањето на системите за управување со внатрешен ризик и контрола;
- од што се состои процесот на финансиско известување;
- дали постои и во која мера е усогласеноста на Друштвото со законите и другите прописи;

**Член 33**

Надзорниот одбор годишно ја оценува својата работа, состав, потенцијалниот судир на интереси на поединечните членови, како и односот и соработката со Управниот одбор.

Надзорниот одбор годишно ја оценува работата на поединечните членови на Надзорниот одбор.

Врз основа на резултатите од оценета, доколку е потребно, Надзорниот одбор донесува мерки за подобрување на неговата работа.

Најмалку еднаш годишно, Надзорниот одбор или надворешен консултант специјализиран за корпоративно управување, доколку Надзорниот одбор одлучи да го ангажира, го оценуваат следново:

а. работењето, ангажманот, преземените активности и резултатите на Надзорниот одбор како колективно тело;

б. составот на Надзорниот одбор и дали преку таквиот состав се обезбедуваат потребните знаења, искуства, вештини и еднаква застапеност утврдени во профилот на одбор;

в. ефективноста на претседателот на Надзорниот одбор и придонесот на секој член на одборот во работата на Надзорниот одбор;

г. работната атмосфера во одборот, вклучувајќи и тоа дали поединечните членови на Надзорниот одбор се во можност да ги искажат своите ставови и да ги решат меѓусебните недоразбирања;

д. поддршката дадена на Надзорниот одбор, вклучувајќи ја работата на Корпоративниот секретар и квалитетот и навременоста на добиените материјали;

ѓ. квалитетот на комуникација и соработката помеѓу Надзорниот одбор и Управниот одбор; и

е. постоењето на околности поврзани со поединечните членови на Надзорниот одбор поради кои може да дојде до судир на интереси и да се загрози нивната независност.

За оценувањето од ст. 1, 2 и 4 од овој член се изготвува Извештај. За мерките од ст. 3 на овој член, Надзорниот одбор донесува одлуки или препораки.

**Член 34**

Надзорниот Одбор ги уредува организациската поставеност, правата, одговорностите и односите со другите организациски единици на Друштвото, како и одговорноста и условите за назначување на раководителот на службата за внатрешна ревизија.

Надзорниот одбор обезбедува службата за внатрешна ревизија на Друштвото да работи во согласност со релевантните закони и меѓународните стандарди.

Надзорниот одбор го назначува раководителот на службата за внатрешна ревизија и го одобрува годишниот план за работа на службата за внатрешна ревизија.

Надзорниот одбор ја надгледува работата на службата за внатрешна ревизија и го надгледува спроведувањето на нејзините препораки.

Надзорниот одбор, преку взаемна комуникација со службата за внатрешна ревизија, се грижи службата за внатрешна ревизија да има овластување за пристап до сите документи на Друштвото и информации што може да ги смета за неопходни за извршување на своите функции и да спроведува ревизија на која било област од работењето на Друштвото во согласност со годишниот план за работа.

## *VI. Спречување и управување со судир на интереси;*

**Член 35**

Членовите на Надзорниот Одбор се грижат да го спречат судирот на интереси при работата и одлучувањето во Надзорниот Одбор.

Членовите на Надзорниот Одбор при спречувањето и менаџирањето на судирот на интереси се должни да постапуваат во согласност со важечките прописи, Статутот на Друштвото и другите внатрешни акти на Друштвото, особено во согласност со Политиката за спречување и управување со судир на интереси во АЛКАЛОИД АД Скопје.

Членовите на Надзорниот Одбор еднаш годишно доставуваат Изјава за почитување на Политиката за спречување и управување со судир на интереси.

При постоење на потенцијален судир на интереси членовите се должни да ги применуваат постапките утврдени со Политиката за спречување и управување со судир на интереси

**Член 36**

Дополнително, покрај принципите утврдени со Политиката за спречување и управување со судир на интереси, за членовите на Надзорниот Одбор се применуваат и посебни одредби, коишто се во врска со функцијата што ја извршуваат.

**Член 37**

Членовите на Надзорниот Одбор како и членовите на нивните семејства (сопружници, родители и деца) без одобрение на Надзорниот одбор не смеат:

1. За своја или туѓа сметка да вршат работи што спаѓаат во предметот на работење на Друштвото;
2. Да вршат друга дејност или активност во друго друштво, со ист или сличен предмет на работење, платена или неплатена, за сопствена сметка или за сметка на друго лице;
3. Да бидат членови на орган на управување или член на надзорен одбор, односно контролор во друго друштво што има ист или сличен предмет на работење како и Друштвото;
4. Во просториите на Друштвото да врши работи за своја или туѓа сметка.

Членот на Надзорниот Одбор што има намера да врши дејствие, односно да се здобие со функција наведена во ст. 1 од овој член, ќе побара одобрение од Надзорниот Одбор каде што детално ќе го наведе дејството што би го вршел, односно функцијата што би ја здобил, причините за истото и дава известување како планира да го сведе судирот на интерес на минимум. Членот на Надзорниот Одбор го презема истото доколку се работи за член на неговото семејство (сопружник, родители и деца).

Надзорниот Одбор ќе го извести Собранието на акционери на неговата прва седница за даденото одобрение од овој член.

Членовите на Надзорниот Одбор во никој случај не смеат:

1. Да бараат, прифаќаат или да одобруваат подароци со материјална вредност или донации од Друштвото за себе или за членовите на нивните семејства;
2. Да им овозможат на трети лица да стекнат корист на штета на Друштвото.
3. Да ги злоупотребуваат деловните можности што му припаѓаат на Друштвото за свои лични интереси или за интересите на членовите на нивното семејство;
4. Да остваруваат други форми на личен доход од работењето на Друштвото, освен од правата што произлегуваат од договорите коишто ги имаат склучено со Друштвото и/или капитално поврзаните друштва на Друштвото, наградата што ја добиваат како членови на Надзорниот одбор и приходите што произлегуваат од какви било акции што ги имаат во Друштвото;

Доколку членот Надзорниот одбор постапи спротивно од забраните од овој член, односно премолчи релевантен факт во известувањето од ст. 2 од овој член, Друштвото може:

- да бара надомест на штета; или
- да бара на Друштвото да му ја отстапи правната работа за своја сметка и да му ја даде користа што потекнува од правната работа, склучена за своја или за туѓа сметка.

**Член 38**

Доколку кај член на Надзорниот одбор постои сомневање за потенцијален судир на интереси, тој нема да учествува во делот на седницата на Надзорниот одбор на кој се расправа и/или се одлучува за договор или за кое било друго правно прашање кое директно или индиректно може да се однесува на тој член на Надзорниот Одбор.

**Член 39**

Членовите на Надзорниот одбор се должни веднаш да го известат Претседателот на Надзорниот Одбор, доколку тие, согласно Политиката за спречување и управување со судир на интереси, имаат интерес во каква било зделка, договор или деловна активност што директно влијае на интересите на Друштвото.

За секој договор или друга деловна активност на Друштвото во кој што член на Надзорниот одбор има интерес, дури и на посреден начин, мора да се постапи според одредбите од Статутот што го регулираат постапувањето во случај на зделка со заинтересирана страна.

Секој член на Надзорниот Одбор кој има интерес е должен веднаш да го пријави.

Доколку член на Надзорниот Одбор дојде до сознание дека е исполнет некој од условите од став 2 на овој член, за тоа веднаш го известува Надзорниот Одбор. Заинтересираниот член има право да биде сослушан, но не може да учествува во расправата или во одлучувањето, во донесувањето на одуката за давање на одобрението за зделка со заинтересирана страна.

**Член 40**

Член на Надзорниот одбор во исто време не може да биде избран во повеќе од пет одбори на директори како неизвршен член, ниту во повеќе од пет надзорни одбори на друштва со седиште во Република Северна Македонија.

Доколку другите членови на Надзорниот Одбор добијат информација дека член на надзорниот Одбор го прекршил ст. 1 од овој член, тие ќе го повикаат без одлагање да даде известување за вистинитоста на информацијата, а доколку се покаже точна, ќе го повикаат без одлагање да даде оставка од позицијата член на Надзорниот Одбор, односно неизвршен член во одборот на директори или во Друштвото или во друго друштво во кое е член.

## *VII. Завршни одредби;*

**Член 41**

За правилна примена на Деловникот во работата на Надзорниот Одбор се грижи Претседателот.

Измени и дополнувања на Деловникот се врши на начин и постапка како за негово донесување.

Деловникот стапува во сила на 01.01.2023 година.

**Член 42**

Доколку одредена одредба од овој Деловник е во спротивност со важечките прописи или со Статутот на Друштвото, веднаш ќе се пристапи кон измена на Деловникот, а до тој момент одредбите од важечките прописи и Статутот имаат директна примена при работата и одлучувањето на Надзорниот Одбор.

**Член 43**

Со стапувањето на сила на овој Деловник, престанува да важи Деловникот за работа на Надзорниот Одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје од 21.07.2000 година и заведен под бр. 0202-6.

[1] Оваа верзија на Деловникот за работа на Надзорниот Одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје е во формат и дизајн за потребите на запознавање на јавноста со истиот. Официјалната верзија на Деловникот за работа на Надзорниот Одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје се чува во неговото седиште.

**АЛКАЛОИД АД Скопје**

Бул. Александар Македонски 12, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија

**www.alkaloid.com.mk**

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ